# Модел ДОГОВОР

## ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПОТВРДИ-ВАУЧЕРИ ЗА КУПУВАЊЕ И ВГРАДУВАЊЕ ВИСОКОЕФИКАСНИ ИНВЕРТЕР КЛИМА УРЕДИ

ПОМЕЃУ

**МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИН НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, со адреса на ул. Македонија бр. 27, Скопје, Република Северна Македонија, застапувано од министер Сања Божиновска (во понатамошниот текст „Министерство„)**

**И**

**__________________________________________ (правен субјект кој врши трговија на високоефикасни инвертер клима уреди), со адреса на____________________________, ЕМБС________, застапувано од овластено лице_________ (во понатамошниот текст „Правниот субјект„)**

Со цел да се заштитат потрошувачите на енергија коишто спаѓаат во категоријата на ранливи потрошувачи на енергија, а согласно Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2026 година, кои предвидуваат доделување на потврда-ваучер за купување и вградување на високоефикасни инвертер клима уреди, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и __________________________ (во натамошниот текст , “договорни страни”), се согласија за следното:

Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини согласно Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2026 година доделува потврда-ваучер за купување и вградување на високоефикасни инвертер клима уреди во бруто износ не повисок од 28.000,00 денари по домаќинство, со вклучен данок на додадена вредност под услови утврдени во овој договор.

### Член 1

Договорните страни се обврзуваат за почитување на овој договор и Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2026 година (“Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.36/26).


Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Булевар „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118022
www.vlada.mk

**Член 2**

Правниот субјект во текот на реализацијата на Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2026 година, ќе биде усогласен со и ќе ги почитува законите кои се во сила и се обврзува да ја исполни Понудата дадена на ден ___________________.

**Член 3**

Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини доделува на едно лице од едно домаќинство, само една потврда-ваучер за купување и вградување високоефикасни инвертер клима уреди и истата потврда-ваучер може да се искористи само од лицето на чие име и презиме гласи издадената потврда-ваучер.

Правниот субјект се обврзува дека доделените потврди-ваучери ги прифаќа само за купување на високоефикасни инвертер клима уреди кои ги исполнуваат следните карактеристики: моќност од 3,5 kW кој има најмалку енергетска класа А+ страна на лицата на чие име и презиме гласи издадената потврда-ваучер, најдоцна до 15.10.2026 година.

Правниот субјект гарантира дека високоефикасниот инвертер клима уред ќе биде вграден на адресата која е наведена во потврдата-ваучерот на лицата на чие име и презиме гласи издадената потврда-ваучер и за истиот ќе приложи гаранција за период од 2 (две) години од денот на вградување. Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини има право на надомест на штета во случај кога ќе се утврди дека високоефикасниот инвертер клима уред е вграден на адресата различна од наведената во потврдата-ваучерот на лицата на чие име и презиме гласи издадената потврда-ваучер или во случај да се утврди дека високоефикасниот инвертер клима уред не е вграден.

**Член 4**

Правниот субјект се обврзува дека вкупната цена по единица купен и вграден инвертер клима уред не смее да ја надмине вредноста наведена во неговата понуда.

**Член 5**

Договорните страни се согласни дека доколку цената со вклучен ДДВ за купен и вграден високоефикасен инвертер клима уред е помала од износот на потврдата-ваучерот, ќе се смета дека потврдата-ваучерот е целосно искористен.

**Член 6**

За искористените ваучери за купување и вградување високоефикасни инвертер клима уреди, на правниот субјект ќе му биде исплатена вредноста утврдена како производ на бројот на искористените ваучери за купување и вградување на високоефикасни инвертер клима уреди за секое лице во зависност од моделот на купениот и вграден високоефикасен клима согласно понудата.

По искористување на потврдите-ваучерите, Правниот субјект до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини доставува дневен Извештај за реализирани потврди-ваучери во формат даден во Прилог 1 на овој договор, на следната емаил адреса ranlivipotrosuvaci@energy.gov.mk. Кон извештајот се доставува и фотографија од извршеното вградување на секој инвертер клима уред.

Правниот субјект доставува до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини месечна фактура со прилог документација превземена и пополнета од ранливите потрошувачи (записник, анкетен прашалник и соодветен дел од потврдата – ваучер). Фактурите ги потпишува


Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Булевар „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118022
www.vlada.mk

овластено лице на правниот субјект, и се доставуваат најдоцна до 10-ти во тековниот месец за претходниот месец.

Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини врши исплата на правниот субјект врз основа на доставена месечна фактура, најдоцна до 20-ти во тековниот месец за претходниот месец.

По исклучок од став 4 од овој член последната месечна фактура се доставува најдоцна до 30.10.2026 година по што Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини врши исплата на правниот субјект најдоцна до крајот на тековната година.

По исклучок на став 4 од овој член, исплатата нема да се врши од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија, доколку бидат распишани избори.

**Член 7**

Министерството го задржува правото по случаен избор да изврши мониторинг на вградениот на инвертер клима уредот кај ранливиот потрошувач кој поседува потврда – ваучер.

**Член 8**

Овој Договор влегува во сила со денот на потпишување од страна на двете договорни страни.

**Член 9**

Договорот се склучува за период во времетраење на тековната година, односно до завршување на Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2026 година.

**Член 10**

Доколку договорните странки не се договорат поинаку, престанокот на Договорот не влијае на спроведувањето на Програмата.

Како потврда на наведеното, долупотпишаните претставници, го потпишале овој Договор на ден ___________________ во два примероци, на македонски јазик.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА РУДАРСТВИ И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ**

**МИНИСТЕР**

**Сања Божиновска**

**ПРАВЕН СУБЈЕКТ**
**УПРАВИТЕЛ**

_______________________



Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Булевар „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118022
www.vlada.mk

# Прилог 1

## Дневен извештај

| Реден број | Име и презиме на носител на потврда-ваучер | Адреса на објект каде уредот е вграден | Сериски број на потврда - ваучер | Модел на инвертер клима уред | Датум на купување | Датум на вградување | Износ на реализира на потрврда – ваучер (купување и вградување) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | |


Министерство за енергетика, рударство
и минерални суровини
Булевар „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118022
www.vlada.mk